СОВЕТ НА ЕВРОПА

Стразбур, 12 октомври 2017 год.

CPT/Inf (2017) 30

# ИЗВЕШТАЈ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ОДНОС НА ПОСЕТАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СПРОВЕДЕНА ОД ЕВРОПСКИОТ КОМИТЕТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА МАЧЕЊЕ И НЕХУМАНО ИЛИ ПОНИЖУВАЧКО ПОСТАПУВАЊЕ ИЛИ КАЗНУВАЊЕ

**од 6-ти до 9-ти декември 2016 година**

Владата на Република Македонија побара овој извештај, како и нејзиниот одговор по истиот да бидат објавени. Одговорот на Владата се наоѓа во документот CPT/Inf (2017) 31.

*Note: This translation of the report was produced by the national authorities*
*Напомена: Преводот од Англискиот оригинал на Извештајот е направен од страна на домашните власти*

# СОДРЖИНА

**I. ВОВЕД ...... 3**

**II. КАЗНЕНО-ПОПРАВНИ УСТАНОВИ ...... 5**

1. Првични забелешки ...... 5
2. Малтретирање и корупција ...... 6
3. Кадровска состојба...... 9
4. Услови на местата за лишување од слобода ...... 12
   а. Затвори Идризово и Штип ...... 12
   б. Истражен Затвор Скопје ...... 15
5. Здравствена заштита...... 16
6. Други прашања...... 20

**III. ЗАКЛУЧОК ...... 23**

**ПРИЛОГ I**

**Состав на делегацијата на Комитетот за спречување на мачење и листа на државни органи и организации со кои делегацијата оствари средба......24**

**ПРИЛОГ II**

**Копијата од писмото со кое се пренесе извештајот на Комитетот за спречување на мачење...... 25**

# I. ВОВЕД

1. Согласно членот 7 на Европската Конвенција за спречување на мачење и нечовечко или понижувачко постапување или казнување (во понатамошниот текст скратено “Конвенцијата“), Делегација на Комитетот за спречување на мачење, во периодот од 06 до 09 декември 2016 година оствари ad hoc посета на Република Македонија. Извештајот за посетата беше предаден на државните органи на 20 март 2017 година, и од нив беше побарано да обезбедат одговор во рок од три месеци. Во однос на составот на делегацијата, како и на државните оргхани и институции со кои Комитетот оствари средба, погледнете го Прилогот I, додека Прилогот II содржи копија од писмото со кое се пренесе извештајот.

2. Основната цел на посетата беше да се погледнат условите на местата за лишување од слобода и третманот на затворениците во Затворот Идризово, во кој се наоѓаат три петтини од затворениците во државата. Од 2006 година па наваму, Комитетот за спречување на мачење во неколку наврати ја критикуваше состојбата во оваа установа, наведувајќи дека условите во одредени крила може да се опишат дека се сведуваат на нечовечки и понижувачки третман. За време на посетата во текот на октомври 2014 година, делегацијата на Комитетот за спречување на мачење уште еднаш констатираше дека условите се неприфатливи, па Комитетот сакаше да види дали две години подоцна неговите препораки биле имплементирани и дали положбата се подобрила.

Делегацијата на Комитетот за спречување на мачење исто така го посети и одделението за притвор во затворот Скопје, како и затвореното одделение на затворот Штип.

3. Како и во претходните посети, на Делегацијата и беше овозможен непречен пристап во просториите на затворот кој сакаше да го посети и до лицата кои сакаше да ги интервјуира, а побараната информација беше обезбедена во најбрз временски рок.

Како и да е, Комитетот за спречување на мачење во многубројни прилики потенцираше дека принципот за соработка, наведен во членот 3 од Конвенцијата исто така предвидува превземање на одлучни акции за подобрување на положбата во поглед на препораките од Комитетот. За жал, како што јасно може да се види од овој извештај, не е направен позначаен напредок за подобрување на положбата во најголем дел од затворскиот систем, во смисла на претходните проепораки на Комитетот. Од посетата во 2014 година ситуацијата е влошена во многу апекти, особено во затворот Идризово. Дури и стандардите кои се предвидени во Законот за извршување на санкциите од 2006 година едноставно не се имплементирани. Понатаму, Комитетот за спречување на мачење продолжува да прима одговори од државните органи кои излегува дека се несигурни (на пример, во поглед на лекарските прегледи на новопримени затвореници).

**Постојаното неспроведување на препораките од страна на државните тела не му остави друг избор на Комитетот, освен да ја покрене постапката која е предвидена во членот 10, став 2 од Конвенцијата[1]. Комитетот се надева дека од акциите, превземени како одговор на овој извештај, објавувањето на јавната изјава ќе стане непотребно.**

4. На крајот од посетата, Делегацијата на Комитетот за спречување на мачење побара да му биде испратена следната информација, најдоцна до 3 февруари 2017 година:

- Информација за напредокот и крајниот резултат од истрагата на наводите за малтретирање на затвореникот РС од страна на затворски службеници во Затворот Идризово во септември 2016 година;

- Информација за превземените активности за обезбедување на соодветна нега и поддршка на затвореникот ФА, бидејќи неговата сегашна грижа и условите на притвор на првиот кат на делот “амбуланта“ во Затворот Идризово се неприфатливи;

- Копија од извештаите од обдукција за секој еден од деветте смртни случаи на затвореници кои се случиле во Затворот Идризово во текот на 2016 година.

  Со допис од 1 февруари 2017 година, властите го информираа Комитетот за мерките, превземени како одговор на горенаведеното барање за информации. Овие информации беа земени во предвид во соодветните делови на овој извештај.

[1]Член 10, став 2, гласи: "Доколку Страната не соработува или доколку одбие да ја подобри положбата врз основа на препораките на Комитетот, со двотретинско мнозинство на своите членови и откако ќе и биде дадена можноста на Страната да се произнесе, Комитетот може да одлучи да даде јавна изјава во врска со тоа прашање."

## II. КАЗНЕНО-ПОПРАВНИ УСТАНОВИ

### 1. Првични забелешки

5. Во својот извештај за периодичната посета остварена во мај 2006 година, Комитетот за спречување на мачење истакна дека некои фундаментални структурни прашања ги поткопуваат обидите да се обезбедат соодветни услови за притвор и третман на лицата лишени од слобода. Во однос на затворите, укажа на недостигот од политика за тоа како да се справат со управување на комплексни институции, несоодветниот систем за известување и надзор, како и на лошото управување и неефикасноста на вработените. Исто така, Комитетот беше длабоко загрижен за континуираното несоодветно обезбедување на здравствена заштита во Затворите Идризово и Затвор Скопје, многу ниското ниво на бројот на вработени ( и ефектите кои тоа ги има врз професионалноста и работниот дух), недостатокот на каков било соодветен режим, како и постоењето услови за притвор кои може да се сметаат како нечовечки.

Десет години и шест посети[2] подоцна, и покрај многуте ветувања од органите, положбата во затворите кои беа посетени останува многу опасна, како што самите затвореници велат: "Катастрофа". Целта за обезбедување "безбедност и рехабилитација", предвидена во Законот за извршување на санкции од 2006 година, останува илузија.

Се' уште не се обрнува внимание на системските проблеми наведени погоре, а констатирани за време на посетата во 2006 година. Навистина, уште поопасен елемент ги има раширено пипците во системот, имено, тоа е корупцијата. Во затворот Идризово, секој аспект од затворањето е на продажба, од добивањето место во пристојна ќелија, до домашно отсуство, до лекарства, до мобилни телефони и droги. Инвестирањето во имотот на затворите нема само по себе да резултира до подобрен третман на затворениците и до подобри работни услови за вработените, доколку не постои сеопфатна реформа за создавање на модерен затворски систем.

6. Комитетот за спречување на мачење е потполно свесен за различните планови и програми кои се спроведуваат од страна на Управата за извршување на санкции со цел имплементација на стратегијата за затворите, усвоена од страна на Владата во декември 2014 година. Но и покрај овие реформски процеси кои датираат од 2007 година, до сега, во поглед на затворот Идризово, кој сместува повеќе од три петтини од затворската популација во државата, не се направени фундаментални подобрувања. Така, останува дека долготрајните, повторувани препораки од страна на Комитетот за спречување на мачење сеуште не се имплементирани. Во основа, стотици затвореници продолжуваат да бидат сместувани во услови на притвор кои, како што Комитетот многукратно посочи, можат да се сметаат за нечовечки и понижувачки третман.

7. За време на посетата во декември 2016 година, во Затворот Идризово беа сместени 1,840 затвореници, вклучително и 75 жени, во "официјален" капацитет за 900. Секоја достапна зграда во обезбедуваниот периметар беше искористена за сместување на

---

[2] За извештаите од овие посети , како и одговорите од државните органи, види http://www.cpt.coe.int/en/states/mkd.htm

затвореници, вклучително и училиштето и канцелариите на воспитувачите. Излишно е да се каже дека беше ектремно пренаселено.

Затворот Штип е исто така пренаселен, сместувајќи 359 затвореници во официјален капацитет за 210. Поконкретно, затворениот дел сместува 115 затвореници во официјален капацитет за 72.

Спротивно на тоа, во делот на истражниот затвор во Затворот Скопје, бројките значајно се намалиле во текот на изминатите години, при што, во официјален капацитет за 210 затвореници се сместени 200 лица.

### 2. Малтретирање и корупција

8. Делегацијата на Комитетот за спречување на мачење нема примено наводи за малтретирање на затвореници од страна на затворски службеници во истражниот затвор Скопје. Во Затворот Штип беа примени неколку наводи; на пример, на почетокот на месец декември 2016 година, затвореникот тврди дека бил одведен во канцеларија каде бил удиран со шлаканици, со тупаници, со палка од страна на четворица службеници, поради тоа што се пожалил на вработените за пренаселеноста во неговата ќелија. Поплаки беа искажани и во врска со вербално малтретирање од страна на затворски службеници, особено во однос на затвореници од ромска националност.

9. Спротивно на тоа, малтретирањето од вработените и насилството помеѓу затворениците во Затворот Идризово останува сериозен проблем.

Делегацијата на Комитетот за спречување на мачење прими голем број на постојани тврдења за намерно физичко малтретирање на затворениците од страна на затворски службеници. Наводното малтретирање воглавно се состои од шлаканици, удирања со тупаници, клоцање и удирање со палка по различни делови од телото, и уште еднаш наводно се случиле во контролната соба[3] на приземје од главниот затворен дел од зградата и спалните соби. Беше кажано дека физичкото насилство се користи како средство за наметнување на дисциплина од страна на затворските службеници, како неофицијална казна за поседување на недозволени предмети, како мобилни телефони и последователно во случаи на тепачки помеѓу самите затвореници, или како реакција на барања и поплаки од страна на засегнатите затвореници. Неколкумина интервјуирани затвореници исто така изјавија дека за време на честите пребарувања на ќелиите, затворските службеници се однесувале грубо и често ги уништувале сопственостите на затворениците.

Делегацијата повторно констатираше дека новопристигнатите затвореници, кои се осудени за сексуални кривични дела биле малтретирани од останатите затвореници во приемното одделение. Малтретирањето, постојано повторувано од група затвореници се состоело од удирање со тупаници и удирање со тешки предмети (како метли) во пределот на градниот кош. Затворските службеници, според тврдењата на многу лица, не само што не превзеле мерки за заштита на овие затвореници, туку и директно ги поттикнувале затворениците да ги малтретираат сексуалните престапници; исто така беа примени наводи дека самите службени лица ги удирале овие лица со своите палки. Голем број ромски затвореници во нереновираниот дел на затворот

[3] Погледнете ги на пример извештаите од трите последни посети: CPT/Inf (2016) 8, став 32; CPT/inf (2012) 38, став 9; и CPT/Inf (2012) 4, став 31.

тврдеа дека затворските службеници ги поттикнувале останатите затвореници да ги напаѓаат.

Понатаму, некои затвреници тврдеа дека биле тепани од други затвореници поради нивната неможност да исплатат долгови, кои настанеле за време додека истите биле во затвор.

**10. Земајќи ги во предвид собраните информации за време на посетата во 2016 година, Комитетот за спречување на мачење им препорачува на државните органи да побараат одговорност од сите раководни лица на затворите, вклучително и од Директорот и од Заменик-Директорот, за да се осигураат дека тие ја извршуваат нивната основна одговорност во гарантирање на тоа дека затворските службеници го почитуваат правото на физички и ментален интегритет на затворениците.**

**Комитетот за спречување на мачење потсетува дека каков било вид на малтретирање е целосно неприфатлив, и мора да биде предмет на соодветно санкционирање. Ова бара сите раководни лица, како и средното раководство да обратат посебно внимание на персоналот, особено на затворските службеници, да превземат одговорност и итни чекори за справување со сите индиции дека затворските службеници малтретираат затвореници. Неуспехот на раководниот персонал во исполнување на оваа улога, самото по себе претставува сериозно запоставување на должностите.**

**Затворските службеници мора да станат целосно свесни дека за контрола на насилни и/или недисциплинирани затвореници не треба да се користи поголема сила од неопходната, и дека штом истите затвореници ќе бидат доведени под контрола, нема да постои никакво оправдување за нивното удирање. Во овој контекст, органите треба да се осигураат дека сите затворски службеници се обучени за препознавање на техники за контролирање и ограничување.**

**Згора на тоа, се подразбира дека затворениците треба да можат да изразуваат барања или поплаки без страв од одмазда.**

11. Комитетот за спречување на мачење во минатото истакна дека обврската за грижа, која затворските власти им ја должат на затворениците кои им се доверени, ја вклучува и одговорноста да ги заштитат од други затвореници кои имаат намера да им нанесат повреда. Затворските службеници треба посебно да бидат будни за знаци на неволја, како и да бидат решителни и соодветно обучени да интервенираат. Таквиот капацитет да се интервенира, помеѓу другото, секако ќе зависи од соодветниот соднос вработени : затвореници (исто така, погледнете ја точка 18 подолу). Дополнително, можеби ќе биде потребно затворскиот систем како целина да развие капацитет за да се обезбеди потенцијално некомпатибилни категории на затвореници да не бидат сместувани заедно.

Понатаму, најверојатно затворските службеници нема да бидат способни да ги заштитат затворениците доколку се плашат за сопствената безбедност, или доколку им недостига ефективна подршка од раководството. Ефикасното справување со проблемите кои произлегуваат од насилството помеѓу затворениците бара имплементација на индивидуализирана проценка на ризикот и на потребите, достапност на доволен број вработени и обезбедување вработените да добиваат почетна и напредна обука во текот на нивните кариери. Исто така, на затворениците треба да им биде понуден конструктивен режим од разновидни целисходни активности.

**Комитетот за заштита од мачење повторно ги повикува државните органи да развијат стратегија за борба против насилството помеѓу затворениците во Затворот Идризово; дел од оваа стратегија ќе треба да вклучува инвестирање на далеку поголеми ресурси за ангажирање на дополнителен персонал, како и за развивање на професионализмот на вработените.**

12. Како што беше забележано во минатото, кредибилитетот на забраната на тортура и други форми на малтретирање бива поткопувана секој пат, кога персоналот кој е одговорен за таквите престапи не се соочува со одговорност за своите дела. Поради оваа причина, од суштинско значење е секогаш кога постои основа за верување дека затвореник може да бил малтретиран, дали во затворот или од страна на службени лица за спроведување на законот пред затворање во истражен затвор, затворските власти треба да му го свртат вниманието кон тоа прашање на соодветното обвинителство. Во таа смисла, фундаментална заштита против малтретирање и неказнувањето е барањето за вршење на темелни лекарски испитувања на затворениците после инцидент со насилство, или после употреба на сила внатре во установите, како и на сите новопримени затвореници.

**Комитетот за спречување на мачење ја повторува својата препорака дека државните органи треба да воспостават сеопфатна политика за идентификација и истрага на наводи за малтретирање. Во тој контекст, онаму каде резултатите од лекарски преглед укажуваат дека затвореникот претрпел малтретирање, треба да постои обврска за лекарите по автоматизам да го известат Јавното Обвинителство, без оглед дали засегнатото лице го бара истото; и секоја изјава дадена од засегнат затвореник треба исто така да биде пренесена (исто така, погледнете ја точка 39 подолу).**

13. Насилството во Затворот Идризово е интегрално поврзано со ендемската корупција која го има обземено целиот затвор и имплицира затворски службеници, вклучувајќи и службени лица се најгоре низ сите нивоа, се' до раководни службеници и воспитувачи. Беа примени детални наводи за начинот на кој за секаков вид привилегии биле вршени плаќања помеѓу роднини на затвореници и затворски службеници. Затвореници изјавија дека плаќале до 2 000 (две илјади) евра за да бидат преместени во ќелија од простории за колективно сместување осудени лица и наводно 400 евра за домашно отсуство. Во затворот беа присутни мобилни телефони, при што смарт телефони чинеа 300 евра, плус дневно плаќање во мал износ на затворските службеници, за да гледаат во друга насока. Навистина, фактот што скоро сите "јавни" телефони на картичка не работеа за време на посетата допринело за развој на бизнисот со мобилни телефони. Мобилните телефони јавно се користеа. Секое крило имаше затвореник ("главен во крилото") во улога на посредник со затворските службеници за сите трансакции и вообичаено истото лице имаше подобри услови за живеење.

Случајот на РС кој беше силно претепан од затворски службеници на 14 септември 2016 година очигледно беше поврзан со прашањето за корупција и плаќања кон затворски службеници. Комуникацијата од 1 февруари 2017 година од страна на државните органи до Комитетот потврди дека сега овој случај е под истрага од страна на Основно Јавно Обвинителство Скопје. **Комитетот за спречување на мачење би сакал да биде информиран за исходот на истрагата, како и за какви било акции кои биле понатамошно превземени.**

14. Властите се свесни дека постои корупција во Затворот Идризово; седум вработени беа отпуштени а 16 беа под дисциплинска постапка во изминатите две години, а пред скоро време на државните медиуми беше објавен случај на затворски службеник кој продавал дроги на затвореници. Во секој случај, изгледа дека не постои сознание дека проблемот е ендемски. Буквално секој аспект од затворскиот живот е на продажба.

Потребно е да се воспостави силна стратегија која ќе ги минимализира можностите за корупција, на пример преку редуцирање на пренаселеноста и подобрување на животните услови, па затворениците да не мораат да купуваат место во подобра ќелија; овозможување пристап на сите затвореници до јавни телефонски говорници по разумни цени, со цел да останат во контакт со надворешниот свет; обрнување внимание на бројноста, условите за работа и професионализмот (едукација, обука и надзор) на затворските службеници и воспитувачите како приоритет. Исто така, неопходно е зајакнување на услугите за здравствена заштита.

И во Затворот Штип беа примени наводи за корупција против вработените, но во помал степен, додека во истражниот затвор Скопје скоро секој затвореник изјави наводи дека затворските службеници украле предмети од пратките кои им биле праќани од роднини и дури и од ќелиите за време на периодот предвиден за физичка активност.

Комитетот за спречување на мачење сака да потсети дека самото широко распростането уверување за постоењето на култура на корупција (како и на протекционизам) во место за лишување од слобода со себе носи дискриминација, насилство, несигурност и во крајна линија, целосен недостаток на почит кон авторитетот. Сиве овие елементи се премногу очигледни во Затворот Идризово и без активни интервенции ќе продолжат да цветаат и ќе стане уште потешко да се искоренат. Тоа подразбира дека со цел ефективно справување со корупцијата, неопходно е да се разберат нејзините движечки елементи.

**Комитетот за спречување на мачење ги повикува државните органи да превземат конкретни активности за борба со феноменот на корупција и протекционизам во сите затвори, особено во Затворот Идризово, и тоа преку превенција, едукација и примена на соодветни санкции. Во тој контекст, сите затворски службеници треба јасно да разберат дека добивањето или барањето корист од затворениците е неприфатливо и нема да се толерира. Понатаму, скринингот на сите лица кои влегуваат или го напуштаат затворот мора дополнително да се подобри; можеби треба да се размисли за вработување на специјален, посветен тим. Средното раководство и нивните претпоставени имаат посебна одговорност за следење на вработените, како и за функционирање на дискреционото носење на одлуки.**

15. Во извештајот од посетата во 2014 година Комитетот за спречување на мачење препорача дека потенцијално некомпатибилните категории на затвореници треба да бидат сместувани посебно. Во недела, на 2 декември 2016 година, два дена пред посетата на делегацијата на Комитетот за спречување на мачење на Затворот Идризово, околу 50 ранливи затвореници, од кои многумина осудени за сексуални престапи беа префрлени во Крило број 7 во затворениот дел на затворот. Беа потребни четиримесечни преговори помеѓу Директорот на затворот и затворениците во Крило број 9, каде претежно се сместени доживотно осудени лица и кои според затворениците го претставуваат вистинскиот авторитет во затворот, да дозволат трансфер на затворениците од ранливата категорија. Очигледно, затворениците од ранливата категорија не беа сметани дека поседуваат доволно средства за “да се вклучат во бизнисот“. Последиците од транферот на групата на затвореници од ранлива категорија во Крило број 7 значеше дека друга група затвореници, од кои многумина имале платено голема сума на пари за да бидат сместени во ќелија во Крило број 7, сега беа разместени во други крила каде условите за живот беа полоши. Интересно, тие очекуваа да бидат вратени назад во нивните ќелии во Крило број 7 по завршување на посетата на Комитетот за спречување на мачење.

Исто така, треба да се истакне дека затворениците од ранливата категорија кои беа префрлени во Крило број 7 сеуште се чувствуваа под притисок, бидејќи затворениците од двете Крила 8 и 9 слободно можеа да влегуваат во нивното крило и да се движат, разгледувајќи ја ситуацијата.

**Комитетот за спречување на мачење препорачува раководството на Затворот Идризово да се осигура дека ранливите затвореници од Крило 7 се ефективно сместени во безбедни услови, и дека не се предмет на закани и заплашување.**

### 3. Кадровска состојба

16. Комитетот за спречување на мачење повеќекратно ја акцентираше критично важната улога на затворските службеници во постигнувањето на тоа да затворот биде во состојба да ја исполни својата цел на сместување на затворениците во сигурна и безбедна средина и да им се обезбеди поддршка во подготовките за нивна реинтеграција во надворешната заедница.

За да се постигне оваа тешка задача не само што мора да има доволно голем број на вработени, како затворски службеници, така и воспитувачи, туку исто така, ним мора да им биде обезбедена неопходната поддршка и соодветно знаење и вештини за да ги извршуваат своите работни задачи.

17. Во *Затворот Скопје,* бројот на затворски службеници останал истиот како што беше забележано за време на посетата во месец октомври 2014 година (т.е. 110, при што секоја смена од 12 часа се состои од 17 чувари и дополнителни 17 затворски службеници на должност секој работен ден од 9 до 17 часот). Како и да е, поради намалувањето на бројот затвореници во истражниот затвор од 313 на 198, соодносот на вработените значително е подобрен. И покрај тоа, **треба да бидат превземени чекори кон обезбедување најмалку едно вработено лице од женски пол на смена во секое време во делот за притвор**, што не беше случај за време на нашата посета.

Во *Затворот Штип,* вкупниот број затворски службеници беше 64, по 14-мина на смена, за затворска популација од 359 затвореници. Во затворениот дел вообичаено имаше четири вработени на 115 затвореници. Таквото ниво на кадровска состојба е недоволен, кога установата функционира со официјален капацитет за 210 лица, уште помалку пак во состојба на пренаселеност. **Комитетот за спречување на мачење препорачува зголемување на бројот на затворски службеници во Затворот Штип.**

18. Неадекватниот број на затворски службеници во *Затворот Идризово* останува особено акутен. Бројот на вработени во суштина останал истиот како во 2014 година, додека затворската популација се зголемила за дополнителни 300 затвореници. 219-те затворски службеници беа организирани во 12 часовни смени од по 33 затворски службеници, со дополнителни 15 вработени кои се на работна должност од 8:30 до 14:30 за време на викендите. Делегацијата забележа дека бројот на затворски службеници на должност во секое дадено време во секоја единица беше очајно низок. На пример, многупати во текот на денот имаше само по еден вработен на должност на секој еден од трите катови во затворениот дел на затворот (од 1-во до 9-то Крило), кои сместуваат вкупно 670 затвореници. Шестмина службеници беа присутни на приземниот кат, воглавно околу канцеларијата за вработените на влезот во зградата; како и да е, тие не само што беа одговорни за 123-та затвореници на приземниот кат, туку и за "училиштето" во близина и за Одделот I во кои се сместени 116 т.е. 69

затвореници. Треба да се забележи дека вработените не беа постојано присутни внатре во било кое крило за сместување (види точка 13).

Комитетот за спречување на мачење би сакал повторно да истакне дека проблемите како малтретирање, насилство помеѓу затворениците, корупција и недостиг на понудени активности на затворениците во Затворот Идризово се внатрешно поврзани со недоволниот број затворски службеници, како и ним недоволно пружената поддршка и обука.

19. Комитетот за спречување на мачење во минатото многукратно потенцираше дека климата во еден затвор во значајна мера зависи од квалитетот и ресурсите на неговиот кадар. Овозможувањето на позитивна клима бара професионален тим на вработени кој мора да биде присутен во доволен број во секое време, како во просторот за притвор, така и во просторот предвиден за активности на затворениците. Севкупно нискиот број вработени кој ги минимализира можностите за директен контакт со затворениците секако ќе го попречи развојот на позитивни односи, генерално, ќе ги попречи сите напори за одржување ефективна контрола и ќе генерира една несигурна средина како за затворениците, така и за вработените. Уште повеќе, нискиот број вработени го прави скоро невозможно обезбедувањето на прифатлив режим за затворениците.

**Комитетот за спречување на мачење ја повторува својата препорака во однос на нивото на затворските службеници во Затворот Идризово, односно дека нивниот број треба да биде значајно зголемен со цел да им се овозможи на вработените да бидат во позиција да одржуваат ефективна контрола во установите, да гарантираат безбедна средина за себе си и за затворениците, како и да обезбедат режим на активности за затворениците.**

20. Паралелно со зголемувањето на бројот на вработените, од исклучително значење е да се стави акцент на пружањето на неопходната поддршка и на соодветното знаење и вештини за извршување на работни задачи на вработените. За жал, новиот објект за обука на вработените во Затворот Идризово се’ уште не беше функционален и се’ уште немаше почетна или редовна континуирана обука на вработените, што би овозможило изучување на нови вештини, како и надградување на постоечките. Долгоочекуваниот пакет за обука на вработените требаше да биде започнат во првиот квартал од 2017 година.

**Комитетот за спречување на мачење ја повторува својата препорака дека на целиот затворски персонал треба да му биде обезбедена адекватна обука. Понатаму, Комитетот би сакал да добие информација во поглед на тоа кога ќе биде обезбеден пакетот за обука за вработените, како почетна, така и континуирана, и што истиот ќе содржи.**

21. Положбата во врска со воспитувачите во Идризово останува истата, како и онаа забележана во 2014 година[4]. Многу затвореници се жалеа дека многу ретко го гледаат својот воспитувач и значаен број затвореници тврдеа дека наводно кога од воспитувачите било барано да направат препорака за домашно отсуство, или друго прашање во врска со затворот, тие вообичаено барале награда. Слични поплаки во врска со воспитувачите беа примени и во Затворот Штип.

[4] Види CPT/Inf 2016 (8), став 40.

Комитетот за спречување на мачење ја повторува важноста од присутност на доволно голем број соодветно обучени воспитувачи кои се адекватно надгледувани од раководството. Понатаму, останува потребата од зголемување на воспитувачи кои го говорат албанскиот јазик, како и вработување на најмалку еден воспитувач од ромска националност.

**Комитетот за спречување на мачење уште еднаш ја повторува својата препорака за зголемување на бројот на воспитувачи во Затворот Идризово со цел установата соодветно да се справува со потребите кои истите ги утврдиле, и да се обезбеди значајна пропорционалност на новоназначени воспитувачи кои говорат албански. Понатаму, исто така треба да се назначат воспитувачи кои се способни да се справуваат со специфичните потреби на затворениците од ромска националност. Дополнително на ова, потребно е да се воспоставаат соодветни механизми за управување и надзор на работата на воспитувачите.**

22. Што се однесува до развојот на <u>професионален пристап на управување во затворскиот систем</u> за што Комитетот постојано се залага уште од 2006 година, се' уште не постои развој на кариера, безбедност на работното место, ниту пак планирање помеѓу раководните управувачки тела на затворот. Директорите на затворите и нивните заменици вообичаено не се назначени на своите позиции врз основа на нивната компетентност, ниту пак на директорите на затворите им се обезбедува соодветната обука за менаџмент за да се осигураат дека се во состојба да управуваат со нивните затвори и ефикасно да ја планираат иднината. Таквата поставеност на работите го поткопува секој обид за реформирање на затворскиот систем.

Делегацијата повторно беше погодена од фактот што лошото раководење со вработените ги влошува вистинските предизвици со кои се соочуваат посетените установи. Делегацијата ја забележа акутно недоволната ангажираност на вработените во Затвор Идризово, и забележа дека во значителен период од денот многумина вработени изгледаа како да не прават ништо, и покажуваа генерална незаинтересираност за безбедноста, хигиената, благосостојбата, дисциплината или активностите на затворениците. Таквото однесување би укажало дека раководството на затворот ја нема искомуницирано важноста на улогата на затворските службеници при исполнување на должноста за грижа за затворениците кои се под нивна одговорност.

Потребно е да се превземат мерки за да се осигура дека секој директор е внимателно селектиран поради неговата или нејзината способност за спроведување на "она што е една од најтешките задачи во јавната служба", коешто вклучува внесување на чувство за цел, лидерство и визија на функцијата.[5] Понатаму, во однос на кохерентноста на раководството на затворите, Комитетот за спречување на мачење повторува дека е потребно да постои јасно дефинирана хиерархиска врска помеѓу директорите на затворите и Директорот на затворската администрација (Директорот на Управата за извршување на санкции).

**Комитетот за спречување на мачење ги повикува државните органи да воведат професионален развој на кариера за управување во затворскиот систем и да се осигураат дека директорите на затворите и врвните менаџери се регрутирани и им се овозможува сигурност на вработувањето кое е предмет на задоволително извршување, како и дека им се обезбедува соодветна менаџерска обука за да се оспособат за компетентно извршување на нивните работни задачи. Понатаму, хиерархиската поврзаност помеѓу директорите на затворите и**

[5] Видете го Правилото 84 од Европските затворски правила (2006) и коментарот за оваа улога.

**Директорот на Управата за извршување на санкции треба да биде јасно дефинирана.**

## 4. Услови на местата за лишување од слобода

а. Затвори Идризово и Штип

23. Комитетот ги опиша грозните услови во затворот Идризово во секој од своите шест извештаи од посетите, реализирани од месец септември 2006 година. По посетите од 2010 и 2011 година беа направени некои скромни напори за да се направат помалку бедни Крилата бр. 2 и бр. 5 од затворениот дел. Но како и да е, за време на посетата во 2016 година, нездравите и екстремно пренаселени[6] животни услови во небезбедна и нехигиенска околина преовладуваше во многу од просториите за сместување. Два дена интензивно чистење пред посетата на делегацијата направи мала разлика. Условите во притвор во нереновираниот дел од Крило Б (особено Крилата 2 и 5) од затворениот дел на затворот, најголемиот дел од просториите во "училиштето", приемното одделение и амбулантата секако дека можат да се опишат како нечовечки и понижувачки третман, земајќи ја предвид најавторитетната пресуда по ова прашање до денес – од Европскиот суд за човекови права.[7]

Санитарните чворови на овие области беа во очајна состојба (нечисти, со смрдеа, оштетени и протекуваа), голем дел од тушевите не работеа и немаше топла вода. Греењето работеше неколку часа во текот на денот. За делегацијата не беше изненадување тоа што забележа дека голем дел од затворениците страдаа од каснувања од инсекти и од инфекции како шуга.

Ситуацијата е дополнително влошена со отсуството на значајни активности (работа, спорт, рекреација и можност за едукација) и од фактот што затворениците во затворениот дел на затворот (одделно од оние во "амбуланта" и "геријатрија") се затворени во нивните крила по 22 часа па и повеќе во текот на денот.

24. Изградбата на новиот блок за сместување на затвореници во затворениот дел на установата беше ветен од страна на власта уште во 2007 година. Но, оваа "панацеа" (еден единствен лек за се') за состојбите кои се погоре опишани се докажа како илузорна. Сега се чини дека новиот затворен дел од затворот ќе почне да се гради во текот на 2018 година и понатаму ќе бидат потребни неколку години за да се заврши. Таквата состојба на работите е неприфатлива. Условите во притвор се толку штетни,

---

[6] На пример: 18 лица во Соба бр. 9 од "училиштето", со површина од 38 квадратни метри; 30 лица во Соба бр. 28 од Крило бр. 5 на површина од 64 квадратни метри, но со само 24 кревети; 25 лица во Соба бр.13 од Крило бр. 2 на површина од 44 квадратни метри; шестмина во "амбуланта" на површина од 14 квадратни метри. Во двете простории на приемното одделение, едната сместуваше 32 затвореници на 55 квадратни метри, а другата 28 затвореници на 50 квадратни метри, при што осуммина затвореници ги делеа креветите. Таквата пренаселеност е карактеристика на оваа единица уште од 2014 година.

[7] Види ја Одлуката , донесена од Европскиот суд за човекови права во случајот Муршиќ пртотив Хрватска (Голем Судски Совет) од 20 октомври 2016 година, посебно, од 137 до 141 точка.

што **Комитетот за спречување на мачење ги повикува државните органи да превземат:**

**- итни чекори во затворот Идризово за осмислување на програма во фази за постепено намалување на нивото на населеност во соби во кои престојуваат повеќе лица, за да се обезбеди минимум 4 квадратни метри животен простор по затвореник, не сметајќи ги санитарните јазли;**

**- итни чекори за обезбедување на безбедни и хигиенски услови во затворот Идризово преку поправки на санитарните простории, обезбедување на доволни количини детергент и хигиенски производи, воведување програма за превентивна здравствена заштита која става акцент на чистотата, замена на душеци кои се распаѓаат, обезбедување чиста постелнина, искоренување на наездата од лебарки и други штетници, замена на искршени прозорци и поправка на подовите и покривите, обезбедување на соодветно греење и вештачка светлина во сите простории за живеење итн.**

**- итна акција за обезбедување на сопствен кревет на сите затвореници сместени во затворот Идризово, вклучувајќи го и премното одделение.**

**Комитетот би сакал на континуирана квартална основа да прима податоци за бројот на сместени лица за секој еден од блоковите за сместување во затворот Идризово.**

25. Среде морето мизерија во затворот Идризово, Делегацијата на Комитетот констатира дека Крилото бр. 9 има одлични услови: ќелии со површина од 11 квадратни метри во кои се сместени две лица, во добра состојба, со теписони на подот, кожени софи и кревети со дрвени рамки, плазма телевизори, фрижидери, апарати за готвење и индивидуални системи за климатизација, сите купени со сопствени средства на затворениците. Заедничките простории беа пријатни, со аквариум, маси, столици и софи, фрижидер и фитнес со опрема за вежбање со тегови и статични точаци за вежбање. Контрастот беше фрапантен. За жал, тоа беше флагрантна манифестација на еден корумпиран систем која јасно покажа која е вистинската моќ во затворот.

26. Затвореното одделение на Затворот Штип се состои од три крила за сместување, секое со по осум ќелии и заедничка просторија. Пристапот до природна светлина беше адекватен, како и вештачкото осветлување. Сепак, ќелиите (најчесто со површина од $8m^2$, вклучувајќи го и санитарниот јазол) беа преполни, при што во секоја беа сместени од три до пет лица, и не беа опремени со маса и столчиња. Условите во Крило 2 беа особено лоши, валкани и преполни, така што заедничката соба се претворила во мала просторија за колективно сместување осудени лица. На пример, една ќелија во Крило 2 (со површина од $10.5m^2$), опремени со трокреветни и двокреветни кревети на спрат, беа сместени осуммина и како и во секоја ќелија, санитарните јазли не беа целосно поделени. Вентилација беше несоодветна во сите крила, па во текот на летото во ќелиите станува многу задушно. Затворениците се жалеа дека не им се обезбедуваат средства за хигиена и чистење, како и дека купуваат вода за пиење во шишиња, бидејќи водата не е за пиење и обично во чешмите нема вода за пиење за сите. Централно греење не функционира правилно и ќелиите без несигурни лични уреди за греење беа ладни (измеривме околу 12 ° C).

**Комитетот за спречување на мачење ја повторува својата препорака да се преземат итни мерки за да се намали нивото на населеност во затвореното одделение на Затворот Штип, со цел да се задоволат барањата од најмалку $4m^2$ на животен простор по затвореник во ќелии кои сместуваат повеќе затвореници. Понатаму, се препорачува затворениците да бидат снабдени со потребните**

**средства за хигиена и чистење и да се направи напор затворот да се одржува во пристојна состојба. Сите ќелии треба да бидат правилно затоплувани.**

27. Дисциплинска единица на приземјето од затворениот дел од Затворот Штип се состои од осум ќелии и примарно била користена за сместување на обичните затвореници, како и на некои лица кои издржуваат дисциплинска казна. Шест ќелии имаа површина од 6m². Во пет од нив беа сместени тројца или четворица затвореници, при што едно или две лица спиеја на душеци на подот. Ќелиите беа влажни, смрдеа, беа валкани и исклучително трошни и преполни со лебарки и тавтабити. Двете поголеми ќелии (10.5m²) не беа во многу подобра состојба и сместуваа шестмина затвореници во секое време на посетата, но во неодамнешното минато во нив биле сместувани до девет лица. Многу затвореници биле чувани во овие ќелии и по повеќе месеци, и по завршувањето на своите дисциплински казни. Ним им било дозволено да ги напуштат своите ќелии во поголемиот дел од денот и да се дружат со други затвореници во затвореното одделение, иако неколкумина одлучиле да не го прават тоа поради пренатрупаноста во заедничката соба на тоа крило.

Комитетот смета дека шесте ќелии со површина од 6m² во дисциплинска единица не треба да се користат за сместување на затворениците кои не се наоѓаат на издржување на дисциплинска казна. Понатаму, во тие ќелии во никој случај не треба да се сместува повеќе од еден затвореник; Навистина, по периодичната посета во 2010 година Комитетот за спречување на мачење доби гаранции од страна на националните власти дека во овие ќелии нема да се сместува повеќе од еден затвореник. Во двете поголеми ќелии не треба да се сместуваат повеќе од двајца затвореници.[8]

**Комитетот ја повторува својата препорака дека државните органи треба да се осигураат шесте дисциплински ќелии да не сместуваат повеќе од еден затвореник во било кое време и дека тие се користат само за сместување на затворениците кои издржуваат дисциплинска казна. Понатаму, двете поголеми дисциплински ќелии не треба да сместуваат повеќе од двајца затвореници.[9] Сите ќелии треба да бидат реновирани и подложени на длабинско чистење.**

28. Во една од дисциплинските ќелии со површина од 6m², делегацијата сретна затвореник осуден на доживотен затвор, кој беше затворен сам во ќелијата по 22 до 23 часа на ден. Тој, исто така, мораше да вежба сам на отворено во внатрешниот бетонски двор секојдневно. По пристигнувањето во Затворот Штип, тој ја делел неговата ќелија од 6m² со уште тројца други затвореници во тек на три месеци, по што бил сместен сам во ќелијата во времетраење од пет месеци пред посетата. Немаше официјална причина за неговото фактичко поставување во самица. Таквиот арбитрарен третман е целосно неприфатлив. Нему треба да му бидат понудени целосен опсег на целенасочени активности и во најмала рака, да му биде дадена можноста да биде надвор од својата ќелија и да се дружи со другите затвореници во поголемиот дел од денот, во согласност со политиката за сите затвореници во затвореното одделение. **Комитетот препорачува, на овој затвореник, осуден на доживотна казна затвор да му биде понуден широк спектар на активности како и можноста да се дружи со останатите затвореници. Сите ограничувања на неговиот режим треба да бидат целосно образложени и во согласност со законот, и предмет на жалба.**

---

[8] Види извештај од периодичната посета во 2010 година – CPT/Inf (2012)

[9] Види *Животен простор по затвореник во затворски установи*: стандарди на Комитетот за спречување на мачење CPT/Inf (2015) 44.

29. Што се однесува до храната во Затворот Идризово, делегацијата повторно ги обсервираше како оскудните порции, така и несоодветниот начин на исхрана кој не вклучува овошје. На пример, еден ден во текот на посетата ручекот беше компир и чорба од пилешко месо, само што делегацијата забележа дека порциите кои им се служеа на затворениците во големи садови не содржеа месо, туку само компир. Понатаму, начинот на кој се распределуваше храната не беше хигиенски и немаше почит кон хигиената и достоинството на затворениците.

**Комитетот за спречување на мачење уште еднаш ги повикува државните органи да се осигураат дека сите оброци одговараат на законските норми и на дневното мени. Понатаму, сите оброци треба да им бидат рапределувани на затворениците на еден хигиенски начин, почитувајќи го достоинството на затворениците.**

30. Режимот кој им се нуди на осудените лица во Затворите Штип и Идризово останува сиромашен како што беше забележано на претходните посети. На затворениците не им се нудат целенасочени активности, што е спротивно на Законот за извршување на санкции од 2006 година. Комитетот за спречување на мачење останува убеден дека се додека не се воведе време за целосен и целенасочен режим, затворањето ќе служи само за тоа да затворениците по отслужување на нивната казна да бидат помалку способни да се справуваат со надворешната заедница која се повинува кон законите, станувајќи дури и повеќе зависни од криминалната субкултура.

**Уште еднаш, Комитетот за спречување на мачење ги повикува државните органи да ги превземат сите неопходни мерки за да им се понудат активности со целенасочена и разновидна природа на затворениците во затворите Штип и Идризово, со цел да бидат усогласени со основните цели на казната затвор.**

б. Притворско одделение во Истражен затвор Скопје

31. Уште еднаш, делегацијата на Комитетот за спречување на мачење утврди дека поголемиот дел од истражното одделение на Затворот Скопје беше во лоша состојба и нехигиенски (на пример, оштетени подови, валкани ѕидови кои се распаѓаат, скршени плочки, оштетени и валкани душеци, наезда од инсекти). Ќелиите се слабо осветлени и неадекватно вентилирани и се уште нема личен простор кој се заклучува или копчиња за повик. Внатрешните тоалети во ќелиите не се целосно поделени до таванот на истите. Понатаму, на затворениците се уште не им се обезбедени потребните средства за чистење како би ги одржувале нивните ќелии во соодветна хигиенска состојба. Ќелиите исто така беа многу студени при што греењето работи неколку часа на ден. Делегацијата исто така утврди дека на женските затвореници воопшто не им се нуди можност да се тушираат, што е очигледна дискриминација со оглед на тоа дека на машките затвореници сместени на истиот коридор им е обезбеден пристап до тушеви.

**Комитетот за спречување на мачење ја повторува својата препорака за воспоставување на постојана програма за одржување и реновирање на сите ќелии во истражното одделение. Покрај тоа, на затворениците треба да биде обезбедена соодветна количина на средства за хигиена и секојдневно да имаат пристап до топла вода, и ќелиите треба соодветно да се затоплуваат. Секој затвореник треба**

**да ја има можноста за два или повеќе топли тушеви во текот на една недела, во контекст на лошата хигиена и распаднатите услови во установата.[10]**

32. Режимот кој им се нуди на затворениците во притвор останува остаток од репресивно минато. Затворениците се ограничени во нивните ќелии по 23 часа на ден[11], во период дури до две години, со ништо да прават освен да читаат, играат карти или да слушаат радио. Активности од било кој вид не им се нудат на затворениците. И покрај тоа што со Правилникот за притворените лица од 2011 година е предвидена таква можност, сеуште не се поставени телевизори во ќелиите. Делегацијата беше информирана дека биле купени телевизори и потребното поврзување ќе биде извршено за кратко време.

Комитетот за спречување на мачење во минатото истакна дека во прилог на редовното разгледување на потребата од продолжување на мерката притвор, судските органи треба да ја испитаат потребата од одржување на било какви други ограничувања што може да се воспостават. На пример, барањето на истражниот судија засебно да се сместуваат сите затвореници поврзани со истиот случај, дури и кога засегнатите лица поминале неколку месеци во истражен притвор, го ограничува затворското раководство во неговите напори да обезбедат повеќе време поминато надвор од ќелиите.[12]

**Комитетот за спречување на мачење ги повикува државните органи да ги преземат сите неопходни чекори за да обезбедат образовни, културни и спортски активности за притворените лица, со цел да им се овозможи да поминуваат разумен дел од денот надвор од ќелиите. Комитетот исто така би сакал да добие потврда дека на сите притворени лица им се нудат два часа за вежби на отворено секој ден, во согласност со Законот за кривична постапка.**

**Комитетот за спречување на мачење исто така потсетува на општото начело дека ограничувањата на затворениците треба да се применуваат само кога тоа е строго неопходно за одржување на редот или за спроведувањето на правдата, и тоа во најкраток временски период кој е неопходен за таа цел.**

### 5. Здравствена заштита

33. Делегацијата на Комитетот беше известена дека процесот на пренесување на одговорноста за здравствената заштита во затворите кон Агенцијата за јавно здравје во рамките на Министерството за здравство ќе биде завршен до март 2017 година. Овој чекор е за поздравување. Предизвиците со кои се соочува здравствената заштита во

[10] Правило 19.4 од Европските затворски правила (2006) се однесува на секојдневните туширања доколку е возможно, “но најмалку два пати неделно или почесто, доколку е потребно за одржување на општа хигиена.“

[11] Делегацијата беше информирана дека неодамнешната поплава и земјотресите (Август 2016 година) предизвикале оштетување на внатрешниот ѕид во дворот за физички активности , коешто го ограничува времето за вежбање на отворено до 30 минути на ден. Сепак, многу затвореници изјавија дека никогаш не им било понудено време за вежбање на отворено во времетраење подолго од 30 минути.

[12] За време на посетата, група од 28 лица кои се осомничени за инволвираност во вооружениот напад во Куманово од мај 2015 година, кои биле во притвор 19 месеци, сеуште мораше да се чуваат одвоено во тек на целото време.

затворите се огромни, вклучувајќи го очајниот недостаток на кадар, несоодветната проверка на новопристигнати лица во затвор, која има последици по превенцијата од малтретирањето и јавното здравје, несоодветната стоматолошка и психијатриска нега и лоша практика на третман со медикаменти.

Понатаму, во април 2016 година, здравствениот кадар беше ставен под надлежност на шефот на одделот за ресоцијализација во секој затвор. Комитетот смета дека таквиот потег негативно влијае врз независноста на здравствениот кадар и ја поткопува нивната доверба со затворениците.

**Комитетот за спречување на мачење препорачува здравствениот кадар да претставува автономен оддел во затворите и да не биде подреден на кој било друг оддел во затворот. Понатаму, Комитетот би сакал да добие детални информации за тоа кое тело сега е одговорно за здравствената заштита во секоја од казнено-поправните установи во земјата, како и за чекорите кои се превземени до денес за справување со недостатоците во однос на здравствената заштита во затворите.**

34. Кадарот на тимот за здравствена заштита во *затворот Идризово* се состои од двајца доктори[13] (општ лекар и психијатар) и две медицински сестри за популација од повеќе од 1.800 затвореници. Ова е сосема несоодветно и, следствено на тоа, тимот беше затрупан со работа.[14]

Делегацијата прими многу поплаки кои се однесуваат на пристапот до здравствена заштита, што не е изненадувачки. Официјално, осудените лица поднеле барање до директорот да посетат лекар, кое било филтрирано од затворските службеници. Можеле да поминат недели пред барањето да стигне до лекарите, па дури и тогаш не било сигурно дека лекарот ќе го повика затвореникот. Алтернативно, затвореникот можел да убеди затворски службеник дека е потребно итно да биде прегледан од лекар.

Материјалните услови на медицински установи останале несоодветни и во состојба на занемарување и распаѓање. Тие треба да бидат целосно реновирани и повторно опремени. Понатаму, стоматолошка опрема треба да биде поправена за да му се овозможи на стоматологот, вработен на неопределено време, да работи.

**Комитетот за спречување на мачење ја повторува својата препорака дека е потребно да се изврши детална проценка на потребите во поглед на здравствениот кадар, објектите и опремата за затворот Идризово. Резултатите од проценката на потребите треба да му бидат доставени на Комитетот, заедно со план за преземање на потребните мерки.**

**Во меѓувреме, бројот на доктори и квалификувани медицински сестри треба да се зголеми во голема мера, и тоа во најбрз временски рок. Исто така, потребно е да се вработи најмалку еден психолог.**

**Понатаму, не треба да постои филтрирање на пристапот на затворениците до лекар. Затворениците треба да имаат можност за пристап до здравствени услуги на доверлива основа, на пример, преку порака во затворен плик.**

35. Тимот за здравствена заштита на Идризово беше поддржан од страна на шестмина затвореници “асистенти“, кои во суштина извршуваа должности на медицинска сестра,

[13] Третовработениот доктор во затворот е на отсуство за боледување неколку години.

[14] Треба да се забележи дека здравствениот кадар кој работи во затворот прима помала плата од оние кои работат во системот на јавното здравство.

како што се одржување на регистрите на здравствената заштита, распределување на лекови, и постојано “на повик“ за да пружат грижа на други затвореници кога нема присутен член на тимот за здравствена заштита (особено во одлучувањето за тоа дали да се јават на Службата за Брза помош во Скопје, што се случило повеќе од 200 пати во 2016 година). Според мислењето на Комитетот, затворениците никогаш не треба да бидат вклучени во должностите за пружање на здравствена заштита. **Комитетот ја повторува својата препорака да се преземат итни чекори за да се заменат затворениците кои извршуваат такви обврски на медицинска сестра со квалификуван кадар за здравствена заштита.**

36. Кадарот на тимот за здравствена заштита во *Затворот Скопје* се преполовил од 2014 година и се состои од еден лекар и една медицинска сестра за 198 притвореници и 117 осудени лица. Во *Затворот Штип*, имаше еден општ лекар и еден болничар на 359 затвореници. **Комитетот препорачува на двата затвори да се зголеми бројот на медицински сестри за најмалку пет.**

37. Во *Затворот Идризово***,** новодојдените затвореници беа прегледувани од страна на лекар дури после неколку денови или недели, дури и не постои воспоставен систем за информирање на лекарите за прием на новодојдени лица. И во двете установи, во Затворот Скопје и во Затворот Штип, првиот лекарски преглед не секогаш се одвива во рок од 24 или дури и по 72 часа.

Понатаму, лекарскиот преглед во сите три посетени затвори се состоеше само од една кратка анамнеза без физички извршено[15] испитување и без скрининг за инфективни болести. Нема официјална информација за бројот на затвореници кои се заболени од хепатитис и ХИВ + затвореници во посетените затвори; во Затворот Штип, НВО нудат бесплатно доброволно тестирање еднаш годишно и лекарот проценил дека имало 70 заболени од хепатитис Ц и еден ХИВ + затвореник во затворот. Со оглед на големиот број на корисници на дрога, достапноста на недозволена дрога во затворите, особено во Идризово и ниското ниво на хигиена, бројот на затвореници заразени со хепатит Ц, најверојатно, ќе биде висок. Оставањето на овие затвореници да бидат недијагностицирани и нивното нетретирање претставува ризик како за нивното здравје, така и по здравјето на другите лица.

**Комитетот ја повторува својата препорака дека државните органи треба да го потсетат целиот кадар за здравствена заштита во затворите, дека секој новопримен затвореник треба да бидат соодветно интервјуиран и физички прегледан што е можно побрзо, а најдоцна во рок од 24 часа по приемот од страна на лекар или од страна на целосно квалификувана медицинска сестра која поднесува извештај до лекарот, и дека сите наводи за малтретирање и знаци на повреда треба целосно да се евидентираат во согласност со релевантните инструкции. Понатаму, скринингот за инфективни болести на затворениците, особено за хепатитис и ХИВ, треба да се нудат заедно со доброволното советување.**

38. Што се однесува до медицинската доверливост, ситуацијата во затворите Идризово и Скопје останува непроменета со тоа што рутинските лекарски прегледи се одвиваат во присуство на затворскиот персонал и затвореници - "медицинска сестра" и покрај постоењето на неколку Куќни правила и Насоки дека прегледите треба да се спроведуваат без присуство на затворските службеници. Уште еднаш, реалноста во затворите не е усогласена со политиката која се промовира од страна на Управата за извршување на санкциите. Понатаму, доверливоста на медицинските податоци воопшто не беше почитувана во затворот Идризово. Покрај тоа, затворениците не

[15] Сеуште не се следат Инструкциите за лекарски прегледи од 2011 година.

треба да поднесуваат барања до Директорот да видат лекар; сите затвореници треба да можат да направат тајно барање за да ги прегледа член на службата за здравствена заштита директно, без затворскиот персонал, вклучително и на директорот, да ја знае причината за таквото барање.

**Комитетот ги повикува државните органи да преземат чекори за да се осигураат дека медицинската доверливост е во целост гарантирана во сите затвори.**

39. Што се однесува до евидентирањето и известувањето на повредите, забележани од страна на здравствениот персонал по пристигнувањето на еден затвореник во затворската установа, Комитетот забележа дека Директорот на Управата за извршување на санкциите издаде Инструкции до сите затвори на 20 ноември 2014 година, која ги обврзува да ги евидентираат повредите на сите затвореници забележани или при приемот, или за време на периодот во притвор. Понатаму, Упатствата бараат од директорите на затворите писмено да го известат надлежното Јавно Обвинителство, надлежниот првостепен суд, како и Управата за извршување на санкциите, секој пат кога ќе бидат забележани повреди кај некој затвореник. Според информациите на Делегацијата на Комитетот за спречување на мачење, овие процедури, како и Упатството за медицински прегледи не се следат. Повредите не се евидентираат од страна на лекарите, ниту пак се евидентираат заклучоци во однос на потеклото на таквите повреди и нема регистар за сите случаи.

**Уште еднаш, Комитетот за спречување на мачење ги повикува државните органи да преземат чекори за да се осигураат дека оваа практика во однос на регистрирањето и известувањето за повреди ќе се воспостави во сите затвори, во согласност со стандардите елаборирани од страна на Комитетот (види извештај за посетата 2014 - CPT / Inf (2016) 8, став 78).**

40. Делегацијата на Комитетот повторно забележа дека злоупотребата на droги и понатаму останува главен проблем во затворот Идризово. Всушност, сегашната примена на програмата на супституциона терапија претставува постојана опасност за животот. Приемот на лекови за супституција - метадон и бупренорфин (како и на други психоактивни супстанции) не е под надзор. За време на посетата во 2016 година, 200 затвореници биле на метадонска програма по позитивниот тест на урина за хероин кои биле земени на доброволна основа. Сепак, сеуште не беше понудена детоксикација од метадонот, ниту пак некаква психо-социјална поддршка која би го придружувала одржувањето со метадон. Делегацијата истакна дека рачното издавање на 200 точни поединечни дози на метадон, коешто останало главна задача на две медицински сестри одзема исклучително доста време, е неефикасно и претставува потенцијална опасност, и крајно време е да се набави диспензер за метадон.

Сегашниот пристап кон обезбедување на поддршка за оние затвореници кои имаат проблеми со дрога останува целосно несоодветен за затворот Идризово. Помошта која им се нуди на овие лица треба да се менува поради тоа што не постои само еден третман кој ќе биде ефикасен за сите затвореници; услугите треба да бидат прилагодени кон потребите на затворениците, сериозноста на нивната зависност, нивните лични околности, мотивацијата и одговорот на интервенциите. Раководењето со опиоидна зависност бара избалансиран пристап кој вклучува комбинација од фармакотерапија, психотерапија, психосоцијална рехабилитација и намалување на ризиците од интервенции. Во идеални услови, на затворениците кои се зависници од дрога треба да им се презентира широк спектар на опции за третман при нивниот прием во затвор, како што се програмите за намалување на штети, супституционо лекување и детоксикација. Понатаму, исто така, може да се размисли за основање на затворско крило за луѓе ослободени од droги за одредени категории затвореници.

Покрај тоа, треба да се изменат критериумите за прием во постоечката програма за одржување со метадон така што тоа да не биде само врз основа на еден позитивен тест на урината. Наместо тоа, возраста, должината на времетраењето на опиоидната зависност, физичкото и менталното здравје како и личната мотивација треба да се земат предвид, со цел да се процени дали да се прими еден затвореник на програмата за одржување. Накратко, еден затвореник треба да се смета погоден за супституционо лекување само ако постои веројатност дека со започнување на третманот ќе се редуцираат индивидуалните и социјалните штети, кои се поврзани со употребата на опиоидите.

**Во поглед на погоре наведените забелешки, Комитетот за спречување на мачење ја повторува својата препорака дека државните органи треба да преземат итна акција да го преиспитаат управувањето со програмата за одржување со метадонска терапија во затворот Идризово. Како дел од овој преглед, веднаш треба да се купи диспензер за метадон.**

**Понатаму, било какви превентивни мерки мора да бидат придружени со сериозна терапевтска мултидисциплинарна програма за помош на затвореници - зависници од дрога, а на затвоскиот кадар треба да му биде понудена ефективна обука за подигање на свеста за дрогите, со што ќе се обезбеди основа за воспоставување конструктивен однос за помагање со затворениците.**

41. Во текот на посетата на затворот Идризово, делегацијата на Комитетот за спречување на мачење се сретна со еден затвореник (ФА) во распаднатата ќелија на првиот кат на "амбуланта". Затвореникот за кој станува збор е прикован в кревет, дијагностициран со *paraplegia flaccida*, и откако бил ставен во оваа ќелија во јуни 2015 година, тој никогаш не ја напуштил зградата. Неговата инвалидска количка беше скршена, и и недостасуваа гуми. За него се грижи еден од неговите цимери во ќелијата, кој мора да му помага секој пат кога тој треба да отиде во тоалет; неговиот цимер морал да направи дупка во дрвена столица за да му служи како седиште врз тоалетот кој е на ниво на подот. Еднаш неделно, неговиот цимер оди до болницата каде што му се дава кутија со лекарства од страна на затвореник - "медицинска сестра". За време на посетата, огромен спектар на лекови беше распослан на масата и ФА одлучува кој лек да го зема секој ден.[16] Тој не беше запознат со индикациите на секој лек, максималните дози и интеракцијата помеѓу лековите. Сепак, не му бил пружен никаков совет, ниту пак видел некој член на тимот за здравствена заштита уште од неговото пристигнувањето во затворот. Политерапијата е особено сериозна со оглед на тоа дека затвореникот страда од хепатитис Б и Ц.

Неговите услови на притвор и негрижата за овој затвореник претставува навреда за човековото достоинство и делегацијата на Комитетот за спречување на мачење бара да се преземат итни чекори за да му се обезбеди соодветната грижа и поддршка која што му треба. Со допис од 1 февруари 2017 година, државните органи изјавија дека неговата затворска казна е привремено суспендирана во очекување на исходот од барање до надлежниот суд за да се овозможи подолг престој надвор од затворот до завршувањето на неговиот медицински третман. Комитетот го поздравува овој прелиминарен чекор и **би сакал да биде информиран за одлуката на судот.**

42. Комитетот за спречување на мачење и понатаму е загрижен дека смртните случаи во притвор систематски не претставуваат предмет на темелна истрага за меѓу другото, да се утврди причината за смртта, фактите кои довеле до смрт, вклучувајќи ги

[16] На пример, тој изјави дека тој ден земал опијат умртвувач на болки, два различни лекови бензодијазепини, антидепресант, два вида лекови – антипсихотици и антихолинергиски лекови.

и факторите кои придонеле, како и дали смртта можела да биде спречена. Таквите истраги се неопходни со цел да се идентификуваат можните мерки за подобрување на воспоставениот систем за превенција, како и да им обезбедат релевантни информации на роднините на починатиот лице (лица) во врска со околностите околу смртта.

Во затворот Идризово, во 2016 година починале деветмина затвореници и уште тројца починале во јануари 2017 година. Обдукциите биле извршени од страна на Институтот за судска медицина, но затворот не бил секогаш информиран за исходот и не биле преземени чекори за да се испита причината за смртта.

**Комитетот ја повторува својата препорака дека државните органи треба да воведат јасна политика и сеопфатна постапка за утврдување на причините за смртта на притворените лица - вклучувајќи и кога смртта ќе настапи во (или на пат кон) болница - и јасни критериуми за класификација на смртните случаи како самоубиства.**

**Особено, секоја смрт на затвореник треба да биде предмет на темелна истрага за меѓу другото, да се утврди причината за смртта, фактите кои довеле до смрт, вклучувајќи ги и факторите кои придонеле, како и дали смртта можела да се спречи. Понатаму, кога едно лице умира во затвор (или наскоро по трансферот од затвор), треба да се изврши обдукција[17] при што раководството на затворот и медицинските служби треба да бидат информирани за исходот.**

**Конечно, треба да биде преземена анализа на секоја смрт во затвор да се разгледаат генералните лекции кои може да се научат за затворот во кој настапила смртта, и дали во случај на само-предизвикана смрт има било какви системски мерки на државно ниво кои треба да се преземат.**

### 6. Други прашања

43. Дисциплинската постапка останала иста како онаа забележана за време на посетата во 2014 година. Затворениците се интервјуирани но не може вкрстено да се испрашуваат сведоците, немаат понатамошна инволвираност во дисциплинската постапка и не им се дава претходна најава кога тие се осудени на период во самица.

**Комитетот за спречување на мачење уште еднаш ја повторува својата препорака дека на затворениците кои се соочуваат со дисциплински обвиненија треба формално да им се гарантираат следниве дополнителни права:**

**- да бидат писмено известени за обвиненијата против нив и да им се даде доволно време да ја подготват својата одбрана;**
**- да можат да повикаат сведоци во своја корист и вкрстено да ги испитаат доказите поднесени против нив;**
**- да останат во седиштето за време на пресуди и да имаат можност да запишуваат белешки;**
**- да се жалат на независен орган против било какви изречени санкции;**

[17] Комисијата потврдува дека може да има исклучителни случаи во кои, како што е пропишано со закон, независен орган може да одлучи дека обдукција не е потребна.

**- да добијат копија од дисциплинската одлука, информирајќи ги за причините за одлуката и за можностите за поднесување на жалба што е можно поскоро, со цел да се зголеми ефикасноста на жалбата.**

**Во случај на потешки дисциплински санкции (како што е изрекување на мерката самица), на затвореникот во текот на дисциплинската постапка доколку сака, треба да му се овозможи да добие помош од адвокат.**

44. На затворениците кои издржуваат казна во самица во затворот Идризово се уште не беа понудени туширања за време на нивниот период на изолација, ниту пак, согласно нивното законско право, не им бил понуден по еден час на отворено секој ден - наместо тоа, им бил овозможен нередовен пристап до ходникот надвор од нивните ќелии, за таму да вежбаат. **Комитетот за спречување на мачење ја повторува својата препорака дека на сите затвореници во самица треба секојдневно да им биде понуден најмалку еден час на отворено, како и можност за туширање најмалку два пати неделно.**

45. Врз основа на член 183, став 4 од Законот за извршување на санкции (ЗИС) од 2006 година, можно е на еден затвореник да му биде изречена дисциплинска санкција од 30 дена во самица.

Самицата може да има крајно штетен ефект врз менталното, телесното и социјалното здравје на засегнатите лица. Поради тоа, треба да биде изречено само како дисциплинска санкција во исклучителни случаи и како последно средство, и тоа за најкраток можен временски период. Комитетот смета дека максималниот период во самицата како казна не смее да биде подолг од 14 дена за даден престап, и по можност пократок.[18] Сите кривични дела, извршени од страна на затвореник, кои бараат превземање на потешки санкции треба да се решаваат преку кривично-правниот систем. **Комитетот препорачува Законот за извршување на санкциите од 2006 година да се ревидира соодветно.**

Понатаму, во однос на малолетниците, постоечкото законодавство предвидува можност од 10 дена во самица како дисциплинска санкција. **Комитетот препорачува укинување на самицата како дисциплинска казна за малолетници.**

46. Делегацијата на Комитетот уште еднаш констатира дека затворските лекари сеуште се обврзани да потврдат дека затворениците се во состојба да бидат подложени на дисциплинска казна - самица. Ова е во директна спротивност со одговорот на извештајот за посетата од 2014 година, при што Управата за извршување на санкции изјави дека релевантните одредби (член 182, став 4 од ЗИС) ќе се менуваат во согласност со позицијата на Комитетот. **Комитетот ја повторува својата препорака дека оваа обврска треба да се укине.**

47. Ситуацијата, забележана во текот на посетата во 2016 година покажа дека не биле преземени чекори за подобрување на <u>контактите на затворениците со надворешниот свет</u> и покрај повторените препораки на Комитетот, особено за притворените лица.

Притворените лица во Затворот Скопје се’ уште се ограничени на две посети месечно во траење од 30 минути или помалку. Понатаму, условите под кои се одвиваат посетите се сосема несоодветни за остварување на значајни контакти.[19] Повторно беа

---

[18] Види го 21 Општ Извештај на CPT – CPT/Inf(2011), став 56, б.

[19] Просторијата за посети (24м$^2$) е поделена по должина од подот до таванот, а горната половина е од плексиглас. Затворениците се поставени рамо до рамо од една страна на преградата, комуницирајќи со

примени повеќе претставки од затворениците во врска со изречена забрана од судиите во однос на децата за посета на родителите кои се во притвор во затворот Скопје; таквата мерка е сосема произволна и, секако дека предизвикува дополнителен стрес за неколку притворени лица (мажи и жени), кои имаат деца, а секако и врз самите деца.

Понатаму, ограничен е пристапот до телефон за притворените лица, за што се бара одобрение од истражниот судија и се одвива во посебна просторија, каде што повиците се следат од страна на затворскиот персонал. Комитетот постојано изјавуваше дека секоја одлука да се забрани или да се наметнат ограничувања на пристапот до телефон на даден затвореникот треба да биде врз основа на основан ризик за заговор, заплашување или друга незаконска активност и да биде за одреден временски период. Ако постои ризик од заговор, одредени телефонски повици секогаш можат да се следат. Сепак, генералниот принцип треба да биде да им се овозможи редовен и чест пристап до телефон.

За *осудените лица,* условите за посета и во Идризово и во Штип се прифатливи; Сепак, бројот на дозволени посети треба да се зголеми од две до четири посети месечно, во времетраење од по еден час.

**Комитетот за спречување на мачење ги повикува државните органи да ги преоценат околностите за посета во сите затвори, а особено во Затворот Скопје, со цел да:**

**- се зголеми времетраењето на посетите на притворените и осудените затвореници, по можност од најмалку еден час, секоја недела;**

**- да се осигура дека затворениците и нивните семејства можат да остваруваат посети со достоинство и при почитување на приватноста (тоест, со соодветна поставеност на седењето и во средина која не изискува од нив да зборуваат погласно за да комуницираат); притворените лица, исто така треба да можат да примаат посети под отворено, колку што е можно повеќе.**

**Покрај тоа, Комитетот ја повторува својата препорака да се укине забраната за деца да ги посетуваат родителите во затворот Скопје и дека на притворените лица треба да им се обезбеди редовен и чест пристап до телефон.**

48. Како што беше случај во минатото, затворениците во сите три установи кои беа посетени изразија целосна недоверба во процедурите за приговори. Всушност, не постои функционален систем на интерни жалби. Во затворот Идризово, регистарот за "поплаки" се состоеше само од барања, воглавно за интервју со директорот, но немаше запис за предметот или за исходот.

Комитетот за спречување на мачење смета дека треба да се воспостави соодветен систем на интерни жалби; на пример, затворениците треба да можат да направат пишани жалби во секој момент и да ги стават во заклучена кутија за жалби која треба да се наоѓа во секоја сместувачка единица (исто така треба да бидат достапни и формулари); и сите писмени жалби треба централно да се регистрираат во рамки на затворот, пред истите да бидат распределени до одредена служба за истрага или за следење. Во сите случаи, истрагата треба да се врши брзо (со оправдувања за евентуални одложувања) и затворениците треба да бидат информирани во рамките на

---

двајца или тројца посетители од другата сттрана преку неколку мали дупки на екранот; лесно може да се замисли вревата како резултат на тоа.

јасно дефинирани рокови во однос на преземените мерки за решавање на нивните загриженост или на причините поради кои разгледаната жалбата не е оправдана. Покрај тоа, треба да се водат и статистичките податоци за видовите на поплаките како индикатор, за раководење со сфери на незадоволство во затворот. Затворениците исто така треба да бидат во можност да се жалат за секоја одлука до надворешни тела, кои мора да бидат надлежни да ја корегираат ситуацијата. При прием, сите затвореници треба да бидат информирани за тоа како да поднесат жалби на начин кој влева доверба (на пример, кутии за жалби кои можат да ги отвораат само одредени лица).

**Комитетот за спречување на мачење ја повторува својата препорака дека државните органи треба да воведат единствен систем на интерни жалби, земајќи ги во предвид погоре наведените забелешки.**

49. Што се однесува до <u>инспекциите</u>, се чини дека ниту едно од надзорните тела (инспекторат при Министерството за правда, судски надзор) не ги извршува своите супервизорски задачи со должно внимание. Лицата во притвор продолжуваат да бидат остри кон површните посети за судиите еднаш неделно. Судиите само ги отвораат вратите од ќелиите придружувани од затворскиот персонал и прашуваат реторичко прашање за тоа дали се' е во ред. Во регистарот на посети, не е забележано ниту едно прашање од страна на судиите.

Државната комисија, која би требало да врши посети на затворските установи со цел надзор над примената на Законот за извршување на санкциите од 2006 година, се' уште не функционираше за време на посетата во 2016 година. **Комитетот уште еднаш ја повторува својата препорака дека треба да се воспостави Државна Комисија без натамошно одлагање, и дека треба да се преземат чекори за истата, како и постојните надзорни механизми да функционираат на професионален, транспарентен и независен начин.**

## III. ЗАКЛУЧОК

50. Со одредена доза на загриженост Комитетот по втор пат се наоѓа во позиција да мора да го квалификува квалитетот на својата врска со Република Македонија како длабоко незадоволителен.

Во извештајот од посетата во 2008, Комитетот заклучи дека се чини дека државните органи не ја сфаќаат сериозно нивната фундаментална обврска да им обезбедат заштита на лицата кои се лишени од слобода". Во тоа време, Комитетот сериозно размислуваше за давање јавна изјава за ситуацијата. Сепак, Комитетот одлучи да се вклучи во интензивен дијалог со државните органи, вклучително и за изразување на својата загриженост директно до Премиерот во почетокот на 2009 година, со цел да се избегне таквиот драстичен чекор.

За жал, последователните извештаи за посетите во 2010, 2011 и 2014 само премногу сликовито го истакнаа недостатокот на преземените активности за решавање на доста реалните проблеми во затворскиот систем, кои Комитетот ги истакнуваше уште од 2006 година или дури и порано. Покрај тоа, опстојуваше проблемот на добивањето одговори кои не беа ниту комплетни, ниту пак сигурни. Комитетот за

спречување на мачење забележува дека е развиен стратешки план за реформирање на затворскиот систем и дека, меѓу другото, се изградени нови отворени и полуотворени единици во затворот Идризово. Сепак, како што овој извештај јасно изложува, бедните услови на сместување за стотици затвореници во затворот Идризово се влошиле уште повеќе во текот на изминатите 10 години. Згора на тоа, затворениците не се безбедни. Во пракса ништо не е направено во поглед на решавање на недостатокот на професионален менаџерски пристап во затворите или да се развие еден корпус на доволен број добро обучени затворски службеници. Без решавање на овие системски проблеми, сите нови згради на казнено-поправните установи нема да го истакнат развојот на модерниот затворски систем, туку ќе го симболизираат неуспехот истиот да се реформира, бидејќи и тие ќе западнат во занемарена состојба. Понатаму, неактивноста донесе ендемска корупција, особено во затворот Идризово.

Комитетот за спречување на мачење е свесен за бројните предизвици со кои се соочува земјата и секогаш трпеливо бараше да промовира конструктивен дијалог за ефикасно подобрување на состојбата во затворите, особено во затворот Идризово. Ваквиот пристап не е возвратен од државните органи и покрај одредени напори од страна на Управата за извршување на санкциите, што на Комитетот му создаде јасен впечаток за незаинтересираност. Инвестирањето во затворскиот систем е од суштинско значење за да се обезбеди дека тие лица осудени за кривични дела (како и оние кои се притворени) се сместени во сигурни и безбедни услови, и дека им се нудат можности да се подготват себеси за реинтеграција во општеството.

Многу коментатори укажуваат дека состојбата на затворскиот систем е одраз на развојот на тоа општество. Дојде време кога владеењето на правото и заштитата на човековите права мора да бидат целосно применети во затворскиот систем и Република Македонија да ги почитува своите меѓународни обврски да соработува со Комитетот за спречување на мачење. Таквата соработка треба да се заснова на меѓусебна доверба и разбирање, и бара не само декларирана посветеност, туку и конкретна акција за спроведување на препораките на Комитетот. **Комитетот за спречување на мачење верува дека одговорот на овој извештај ќе покаже дека сега се следи таквиот пристап.**

## Прилог I

**Состав на делегацијата на Комитетот за спречување на мачење и листа на државни органи и организации со кои делегацијата на Комитетот оствари средба**

### 1. Состав на делегацијата на Комитетот

Посетата беше реализирана од страна на следниве членови на Комитетот:

- Микола Гнатовски /Mykola Gnatovskyy/ (Шеф на делегацијата и Претседател на Комитетот)

- Џејмс МекМанус /James McManus/

- Оливера Вулиќ

Тие беа поддржани од Хју Четвинд /Hugh Chetwynd/ (раководител на Одделението) и Кристијан Лода /Christian Loda/ од Секретаријатот на Комитетот.

### 2. Листа на државни органи и организации со кои делегацијата се сретна

Министерство за надворешни работи

| | |
|---|---|
| Душко Узуновски | Заменик-директор за мултилатерални односи |
| Зоран Барбутов | Раководител на одделение, Директорат за мултилатерални односи |

Министерство за здравство

| | |
|---|---|
| Васиљка Трајкова Салевска | Државен советник за меѓународни односи |
| Сашо Димитровски | Сектор за секундарна здравствена заштита |

Министерство за правда

| | |
|---|---|
| Лидија Гаврилоска | Директор на Управата за извршување на санкциите |
| Ана Бошкоска | Управата за извршување на санкциите |

меѓународни организации

| | |
|---|---|
| Самуел Жбогар /Samuel Žbogar/ | Шеф на Делегацијата на Европската унија |

## ПРИЛОГ II

**Копија од писмото за пренесување на извештајот на Комитетот за спречување на мачење, нехумано или понижувачко постапување или казнување**

Г-дин Петар Поп-Арсов
Вонреден и ополномоштен амбасадор
Постојан претставник на
Република Македонија
во Советот на Европа
13 rue Andre' Jung 67000 Стразбур

Стразбур, 20 март 2017 година

Почитуван Амбасадор,

Во согласност со член 10, став 1 од Европската конвенција за превенција на мачење и нечовечко или понижувачко постапување или казнување, ја имам честта да Ви го приложам извештајот од страна на Европскиот комитет за спречување на мачење и нечовечко или понижувачко постапување или казнување (КПТ), изготвен по своите посети на Република Македонија од 06 до 09 декември 2016 година. Извештајот беше усвоен од страна на Комитетот на 92-та седница, што се одржа од 06 до 10 март 2017 година.

Различните препораки, коментари и барања за информации, кои се формулирани од страна на Комитетот се означени со здебелен текст во извештајот. Поконкретно, што се однесува до препораките на Комитетот, имајќи го предвид членот 10, став 1 од Конвенцијата, Комитетот бара од државните органи **во рок од три месеци** да обезбедат одговор, кој во целост ќе содржи детално појаснување за активностите, превземени за нивно имплеметирање. Комитетот исто така верува дека државните органи во својот одговор ќе обезбедат и реакции на коментарите кои беа формулирани во овој извештај, како и одговори на направените барања за информации.

Ви стојам на располагање доколку имате било какви прашања во врска со извештајот на Комитетот, или пак за идната постапка.

Со почит,
Микола Гнатовски

Претседател на Европскиот комитет за спречување на мачење и нечовечко или понижувачко постапување или казнување

Копија: Г-дин Зоран Барбутов, раководител на Одделение, Дирекција за мултилатерални односи, Министерство за надворешни работи